Врз основа на член 11, став 2 алинеја 6 од Статутот на здружението Институт за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје, Управниот одбор го донесува следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА ЧЛЕНАРИНА

## Член 1

Со овој правилник се уредува висината и начинот на плаќање членарина за членовите на здружението преку која Институтот се финансира за својата работа и уплатата се врши на трансакциската сметка на ИНРЕКОМ Скопје.

## Член 2

Висината на членарината ќе изнесува  100 денари на месечно ниво или износ од 1200 денари на годишно ниво за членовите кои се во редовен работен однос.

## Член 3

Висината на членарината ќе изнесува 70 денари на месечно ниво или износ од  840 денари на годишно ниво за членовите кои не се во постојан работен однос.

## Член 4

Невработените и тие без постојан ангажман и приход, како и пензионерите, плаќаат солидарна членарина во износ од 50 денари месечно.

## Член 5

Исклучок од плаќање на членарина согласно член 2, член 3 и член 4 се основачите на здружението.

Основачите можат, но и не мораат да уплатат доброволна солидарна членарина.

## Член 6

Членовите на ИНРЕКОМ Скопје кои се на породилно отсуство или на боледување се ослободени од плаќање на членарината.

## Член 7

Доколку постои оправдана причина, Управниот одбор на ИНРЕКОМ Скопје може на членот кој упатил писмено барање да му одобри неплаќање на членарината во одреден период но најдолго 12 месеци, а за тоа време членот да ги остварува сите права во согласност со Статутот.

Во сите други случаи неплаќањето членарина подолго од 9 месеци повлекува постапка согласно Статут и други акти на здружението.

## Член 8

Плаќањето на членарина ќе се врши на еден од следните начини:

1. Преку административна забрана од плата;
2. Плаќање на годишната членарина на жиро сметка на ИНРЕКОМ Скопје;
3. Преку траен налог, доколку е можно.

## Член 9

Овој Правилник може да се менува и дополнува во зависност од потребата и условите за работа на седница на Управниот одбор.

## Член 10

Овој Правилник влегува на сила со неговото донесување.

Стефан Јевтиќ

Претседател на ИНРЕКОМ Скопје